Врз основа на член 18 и 19 од Статутот на Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Северна Македонија, Собранието на својата редовна седница одржана на ___, го донесе следниот

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ

## Членови, избор, мандат
## Член 1

(1) Здружението има Орган на управување во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорност за работењето и развојот на Здружението во согласност со статутот.
(2) Членовите на Органот за управување на Здружението ги бира Собранието. Постапката за избор на членовите на Органот на управување се утврдува во Деловникот за работа на Собранието.
(3) Органот на управување на Здружението брои седум (7) членови, три (3) извршни и четири (4) неизвршни (надзорни) членови. Извршни членови на Органот на управување се претседателот, потпретседателот и секретарот на Здружението.
(4) Претседателот на Органот на управување воедно е претседател на Здружението, како и претседавач на Собранието.
(5) Мандатот на два неизвршни (надзорни) члена на Органот на управување трае три (3) години, а на другите два неизвршни члена трае две (2) години. Секој неизвршен член може да биде избран за член на Органот на управување во два последователни мандати по кои мора да следи пауза од најмалку две години пред повторно да има право да биде избран за член на Органот на управување.
(6) Доколку бројот на членовите на Органот на управување помеѓу два избора се намали под седум, постојните членови на Органот на управување со мнозинство гласови од присутните избираат нов член од редот на членовите на Здружението.
(7) Новоизбраниот член го наследува мандатот на членот кој го заменува и истиот се верификува на првата следна седница на Собранието.
(8) Доколку бројот на членовите на Органот на управување помеѓу два избора се намали под пет, претседателот на Органот на управување свикува седница на Собранието за избор на нови членови на Органот на управување.
(9) Претходните претседатели на Здружението имаат право да бидат избрани за неизвршни членови на Органот на управување.

## Должности на Органот на управување
## Член 2

(1) Органот на управување ги врши следните работи:
- раководи со имотот на Здружението;
- го регулира и раководи работење на Здружението, ја утврдува политиката на работа на Здружението и ја менува; ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението, како и политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието; предлага измени и дополнувања на статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието; донесува интерни акти, прифаќа спогодби и склучува договори; подготвува материјали за седниците на Собранието; донесува одлуки за формирање постојани и привремени тела и ја насочува нивната работа; донесува одлуки за набавки над 3000 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРМ;
- назначува потписници на сметката на Здружението;
- решава за кандидатурите за членство или назначува комисија за таа цел;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- во име на Здружението утврдува и извршува мерки за кои Органот на управување смета дека се неопходни или пожелни за унапредување на политиката на работа и целите на Здружението;
- врши други работи.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРЕВЕДУВАЧИ И ТОЛКУВАЧИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Скопска 9/1-10, 1000 Скопје • contact@mata.mk • www.mata.mk

(2) Во надлежност на неизвршните членови на Органот на управување е да ја следат и проверуваат работата на извршните членови и оваа надлежност не може да се пренесува на извршните членови на Органот на управување.
(3) Органот на управување за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

**Седници и кворум**
**Член 3**

(1) Органот на управување одржува седници по потреба, а најмалку еднаш во три месеци.
(2) Седница на Органот на управување свикува неговиот претседател.
(3) Предлог за свикување седница може да поднесе и најмалку една половина од членовите на Органот на управување или една третина од членовите со право на глас во Собранието.
(4) Предлогот за свикување седница на Органот на управување се доставува до Претседателот на Органот на управување.
(5) Седниците на Органот на управување се свикуваат со доставување писмена покана испратена по пошта, електронски или друг начин, во рок од најмалку седум (7) дена пред денот на одржување на седницата. Поканата треба да ги содржи датумот, времето, местото и дневниот ред на седницата.
(6) Членовите на Органот на управување може да присуствуваат и да одлучуваат на седница организирана со користење конференциска телефонска врска или со користење друга аудио визуелна комуникациска опрема така што сите присутни на состанокот може да се слушаат и разговараат еден со друг. Учеството на вака организираните седници се смета за лично присуство и учество на членовите на Органот на управување.
(7) Органот на управување може полноважно да работи, односно да достигне кворум, доколку на седницата се присутни најмалку 4 членови.
(8) Секој член на Органот на управување има право на еден глас. Не е дозволено гласање со полномошник.
(9) Гласот на претседателот е одлучувачки доколку гласовите на останатите членови се поделени.
(10) Одлуките на Органот на управување се полноважни доколку се донесени со мнозинство од присутните членови.
(11) Помеѓу седници, Органот на управување може да носи одлуки со едногласна писмена согласност. За сите одлуки донесени на ваков начин претседателот на Органот на управување, или од него овластено лице, изготвува и потпишува записник во кој се евидентираат одлуките.
(12) Вака донесените одлуки влегуваат во сила со денот на давањето согласност од страна на сите членови на Органот на управување, освен во случаите кога во одлуката е утврден друг момент на нејзино влегување во сила.
(13) Давањето согласност може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат.
(14) На секоја седница на Органот на управување задолжително се води записник што се објавува на интернет-страницата на Здружението или на друг начин се доставува до членовите на Здружението. Записникот го потпишуваат сите членови што биле присутни на седницата на Органот на управување.

**Вонредна седница**
**Член 4**

(1) Вонредна седница на Органот на управување може да свика претседателот на Органот на управување, по писмено барање на повеќе од половина членови на Органот на управување.
(2) Известувањето за одржување вонредна седница треба да се достави до сите членови на Органот на управување најмалку петнаесет дена пред одржувањето на вонредната седница.
По исклучок, во многу итни случаи Органот на управување може да одлучи да не се повикува на ова барање.
(3) За полноважно одлучување на Органот на управување на вонредна седница потребен е кворум од најмалку 4 членови.
(4) Членовите на Органот на управување може да присуствуваат и да одлучуваат на вонредна седница организирана со користење конференциска телефонска врска или со користење друга аудио визуелна

комуникациска опрема. Учеството на вака организирана вонредна седница се смета за лично присуство и учество на членовите на Органот на управување.
(5) На секоја вонредна седница на Органот на управување задолжително се води записник кој се доставува до членовите на Здружението. Записникот го потпишуваат сите членови што биле присутни на вонредната седница на Органот на управување.

**Одземање на функцијата член на Органот на управување**
**Член 5**

(1) Секој член на Органот на управување може да биде разрешен од функцијата член на Органот на управување доколку за тоа се изјаснат најмалку две третини од вкупниот број членови со право на глас на секоја редовна или вонредна седница на Собранието.
(2) Предлогот за разрешување од функција член на Органот на управување може да се даде пред Собранието само по дво-третинско гласање на целиот состав на Органот на управување, или со поднесување петиција до претседателот на Органот на управување потпишана од најмалку една третина од членовите со право на глас во Здружението.

## ДОЛЖНОСТИ НА ИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО (ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ, СЕКРЕТАР)

**Овластување за застапување**
**Член 6**

(1) Здружението го претставуваат и застапуваат неговиот претседател, и при неможност на претседателот, неговиот потпретседател. Нивниот мандат изнесува три (3) години или додека не бидат избрани нови лица.
(2) Членовите на Здружението што веќе вршеле функција на претседател и потпретседател може повторно да бидат избрани за истата функција по мирување од еден мандат од три години.
(3) По природата на својата функција, претседателот, потпретседателот и секретарот се извршни членови на Органот на управување.
(4) Доколку се испразни функцијата претседател, потпретседател и секретар пред следното редовно собрание за избор на нови лица за овие функции, Органот на управување со гласање привремено ги пополнува овие функции од редот на членовите, а на следната редовна седница на собранието овие функции се пополнуваат како што е предвидено со овој деловник.

**Должности на претседателот**
**Член 7**

(1) Претседателот е главниот извршен орган на Здружението.
(2) Претседателот на Здружението го избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број членови со право на глас, за мандатен период од три (3) години, со право на уште еден избор.
(3) Постапката за избор на претседател се утврдува со Деловникот за работа на Собранието.
(4) Претседателот на Здружението е претседател на Органот на управување и претседавач на Собранието и претседава со сите средби и седници на Здружението, Органот на управување и Собранието и по службена должност е член без право на глас во сите комисии, освен во комисија или телото за номинирање застапници и членови на Органот на управување, ако не е поинаку предвидено со Статутот.
(5) Претседателот потпишува исплати и гаранции за повлекување средства од сметката на Здружението до износ којшто не надминува 3.000 евра во денарска противвредност.
(6) Претседателот е одговорен за спроведување на политиката на работа и насоките усвоени или одобрени од Органот на управување, како и за спроведување на следните права, обврски и должности:
- ги свикува седниците на Собранието и на Органот на управување;
- предлага и спроведува програма за работа за периодот за кој е избран;

- го претставува и застапува Здружението во националните, регионалните и меѓународните организации и други институции во кои членува Здружението;
- остарува и други права, обврски и должности што му ги довериле Собранието и Органот на управување, или произлегуваат од Статутот или се утврдени со закон.
(7) За извршување на својата работа претседателот на Здружението одговара пред Собранието.

**Престанок на функцијата претседател**
**Член 8**

Функцијата на претседателот може да му престане:
- по негово/нејзино барање;
- по истек на мандатот за кој е избран/избрана;
- ако поради неактивност, несовесно вршење на доверените права, обврски и должности или активност насочена против целите и задачите на Здружението биде разрешен од Собранието пред истекот на мандатот, ако за тоа се изјаснат мнозинството од вкупниот број членови со право на глас во Собранието.

**Должности на потпретседателот на Здружението**
**Член 9**

(1) Потпретседателот ги извршува сите права, обврски и должности на претседателот при отсуство или спреченост на претседателот, или по налог на Органот на управување. Потпретседателот ги извршува и сите други должности што му ги задава Органот на управување.
(2) Потпретседателот по службена должност е член без право на глас во сите комисии, освен во комисијата или телото за номинирање застапници на Здружението и членови на Органот на управување.
(3) Потпретседателот автоматски станува кандидат за претседател на крајот од својот мандат.
(4) Потпретседателот на Здружението го избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број членови со право на глас за мандатен период од три (3) години, со право на најмногу два последователни мандати.
(5) Постапката за избор на потпретседател се утврдува со Деловникот за работа на Собранието.
(6) Функцијата на потпретседателот на Здружението му престанува под истите услови што се пропишани за претседателот на Здружението со Член 8.

**Должности на секретарот на Здружението**
**Член 10**

(1) Секретарот на Здружението го избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број присутни членови со право на глас за мандатен период од три (3) години, со право на најмногу два последователни мандати после кои мора да следи пауза од три години.
(2) Постапката за избор на секретар се утврдува со Деловникот за работа на Собранието.
(3) Секретарот ги врши администртивно-стручните, логистичките и на нив сличните работи од интерес на Здружението.
(4) Секретарот на Здружението ги има следните должности, права и обврски:
- го претставува Здружението на различни настани;
- во соработка со претседателот и потпретседателот ги подготвува седниците на Собранието и на Органот на управување;
- води записник од седниците на Собранието и Органот на управување;
- се грижи за спроведување на финансискиот план и програмата за работа;
- се грижи за благовремено извршување на одлуките и заклучоците донесени од Собранието и Органот на управување;
- се грижи за благовремено извршување на административно-техничките работи, како и за опремата, набавките и извршувањето на финансиските обврски на Здружението;
- ги чува сите готови финансиски средства и одговара за нив, ако за тоа нема посебно назначено лице (сметководител);

- се грижи и води евиденција за плаќањето на членарината;
- води регистар на членови;
- се грижи за правилна примена на законските прописи од областа на дејностите што ги врши Здружението;
- врши други работи зададени од претседателот и Органот на управување.

(5) Функцијата на секретарот на Здружението му престанува под истите услови што се пропишани за претседателот на Здружението со Член 8.
(6) За извршувањето на својата работа секретарот одговара пред Собранието.

## Водење на финансиското работење
## Член 11

(1) Здружението може да ангажира надворешен соработник – сметководител за водење на финансиските работи и евиденција, или да вработи стручно лице или да задолжи член на Здружението со соодветна оспособеност.
(2) Финансиската евиденција на здружението е сопственост на Здружението и подлежи на законски предвидените ревизии.
(3) Секретарот на Здружението ги организира административно-техничките работи поврзани со финансиското работење и евиденција на Здружението.

## Комисии
## Член 12

(1) Освен ако не е поинаку предвидено со статутот, претседателот на Здружението ги именува сите претседатели на комисии. Секое именување мора да биде одобрено од Органот на управување. На ист начин се именуваат и членовите на сите комисии.
(2) Претседатели и членови на комисии може да бидат само членови на Здружението. Секое испразнето место во членството на комисиите може да биде пополнето со привремено именување од страна на претседателот на Здружението.

## Постојани и други комисии и цели
## Член 13

(1) Здружението може да ги има следните постојани комисии кои ќе ги спроведуваат овластувањата на Органот на управување, доколку Органот на управување смета дека е потребно:
- Комисија за финансии и ревизија,
- Комисија за етика,
- Комисија за прием и јазична класификација и
- Комисија за номинирање.

(2) Работата на која било од овие комисии не ги ослободува членовите на Органот на управување, колективно или индивидуално, од каква било одговорност што им е доделена со овој статут или со закон.
(3) Органот на управување со посебен акт ги регулира целите и работата на секоја формирана постојана комисија.

## Надомест
## Член 14

(1) Претседателот, потпретседателот, членовите на Органот на управување и членовите на комисиите на Здружението или на неговите сектори и ограноци за својата работа не добиваат плата или друг надомест.
(2) Прописно овластените трошоци на сите наведени во став (1) направени во име на Здружението ќе им бидат надоместени, врз основа на решение донесено од страна на Органот на управување.
(3) По исклучок, сите горенаведени и сите други членови на ЗПРМ што организираат и раководат посебни проекти поврзани со унапредување на професијата, а се финансирани од донатори или други организации, или од ЗПРМ, имаат право на надомест за вложениот труд и време. Износот на надоместот се смета за дел од трошоците на секој таков проект.